Архивски знак: 14.03
Рок на чување: 5 год.
____ 201__ година
Потпис

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

**ИНСПЕКЦИСКА СУЖБА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ**

Инспекциската служба при Министерството за спорт одделение за инспекциски надзор во спортот преку инспекторот за спорт Димитар Терзиев, со службена легитимација број 0001 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Федерација за ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ на Република Македонија Битола, со ЕМБ 4109457, со адреса Партизанска бр.25 Битола, застапувано од Љупчо Арнаудов, за кој составен е Записник Ип.1.бр.14-1147/2 од 26.06.2026 година со утврдена фактичката состојба и констатирани и утврдени неправилности и недостатоци и врз основа на член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25) и член 71 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и го донесе следното:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**РЕШЕНИЕ**

**(ОПОМЕНА)**

1) Примарно се задолжува со опомена, Федерација за ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ на Република Македонија:

   - Да организира и спроведува систем на натпревари согласно член 10 став 3 алинеја 1 и член 14 став 1 алинеја 4 во однос на член 11 став 2 од Законот за спортот;

   - Да направи попис на здружените членки од член 11 став 9 алинеја 5, од спортските клубови кои: учествуваат во организиран систем на натпревари на националната спортска федерација од член 10 став 1 алинеја 5, здружени согласно член 14 став 1 и имаат добиено решение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот од член 11 став 2 од Законот за спортот;

   - Да одржи Изборно собрание, сочинето согласно член 14-а став 2 од Законот за спортот, од спортските клубови кои: учествуваат во организиран систем на натпревари на националната спортска федерација согласно член 10 став 1 алинеја 5, здружени согласно член 14 став 1 и имаат добиено решение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот од член 11 став 2 од Законот за спортот, а лицето што ја претставува националната спортска федерација да биде избрано со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на федерацијата согласно член 14 став 6 од Законот за спортот и лицето кое ќе биде избрано да ја претставува националната спортска федерација да нема повеќе од два четиригодишни мандати последователно согласно член 14 став 7 од Законот за спортот и

   - Да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за лицето што го избрала да ја претставува, согласно Член 14 став 13 од Законот за спортот.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка на ова решение, изнесува:

   - од точка 1 алинеја 1
     **рок (тековно);**

- од точка 1 алинеја 2
  **рок (10 дена)** и
- од точка 1 алинеи 3 и 4
  **рок (30 дена).**

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Се задолжува субјектот на инспекциски надзорот од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од ____///_____ денари, на жиро сметка број______///_______.

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Образложение**

Инспекциската служба при Министерството за спорт одделение за инспекциски надзор во спортот врз основа на Наредба бр. 14-1147/1 од 29.05.2025 година, издадена од Министерот, преку инспекторот за спорт Димитар Терзиев, со службена легитимација број 0001 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Федерација за ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ на Република Македонија, со адреса Партизанска бр.25 Битола, застапувано од Љупчо Арнаудов, во однос Спроведувањето и примената на член 10 став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

Од извшениот инспекциски надзор составен е Записник Ип.1.бр. 14-1147/1 од 26.06.2025 година со утврдена фактичката состојба и констатирани и утврдени неправилности и недостатоци во однос на предметот на инцпекциски надзор.

К.Г.С. Партизан – Прилеп согласно податоците од регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови кој го води Министерството за спорт има решение за вршење дејност спорт број 08-244/1 од 29.01.2001 година издадено согласно ВОН СИЛА Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 07/96 и 51/99), а согласно член 82 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002), постојните спортски здруженија должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, со што истиот согласно член 11 став 2 од Законот за спортот неможе да започне со вршење дејност спорт без добиено решение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот односно неможел да учествува во организиран систем на натпревари од страна националната спортска федерација.

Врз основа на наведеното, Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија не организира и не спроведува систем на натпревари согласно член 10 став 3 алинеја 1 и член 14 став 1 алинеја 4 во однос на член 11 став 2 од Законот за спортот, согласно кој, спортскиот клуб може да започне со вршење дејност спорт откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица и К.Г.С Партизан од Прилеп, немаат решенија за вршење дејност спорт од член 11 став 2 од Законот за спортот,

со што не претставуваат спортски клубови согласно член 6 од Законот за спортот, а согласно член 14 ставови 1 и 5 од Законот за спортот, во национална спортска федерација можат да се здружуваат спортските клубови кои имаат решенија за вршење дејност од ист вид на спорт.

К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци, и К.Г.С Партизан – Штип, не учествувале во организиран систем на натпревари, со што не ги исполнуваат условите за вршење дејност спорт како спортски клубови, од член 10 став 1 алинеја 4 од Законот за спортот.

Врз основа на наведеното К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица, К.Г.С Партизан од Прилеп, К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци и К.Г.С Партизан – Штип, неможат да бидат здружени членки во националната спортска федерација.

Лицето што ја претставува националната спортска федерацијата, на ден 10.06.2025 година е со истечен втор последователен мандат, согласно записник број 2-6/21 од 10.06.2021 година и записник број 19-22 од 29.08.2022 година и член 11 од измената и дополнувањето на Законот за спортот („Службен весник на РМ" бр.190/16), што не е согласно Член 14 став 7 од Законот за спортот.

Националната спортска федерацијата не го известила органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за лицето што го избрала да ја претставува, што не е согласно Член 14 став 13 од Законот за спортот.

Врз основа на утврдената фактичката состојба за отстранување на констатирани и утврдени неправилности и недостатоци најдени при инспекцискиот надзор утврдени во Записник Ип.1.бр. 14-1147/2 од 26.06.2026 година, член 13 став 2 и член 14 од Законот за инспекциски надзор и член 45 ставови 1 и 4 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија" број 124/15), при определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководеше од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на инспекцискиот надзор да ги отстрани утврдените недостатоци, а имајќи го во предвид начелото за превенција, согласно со член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор и член 71 став 1 од Законот за спортот се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Инспекциската служжба одделение за инспекциси надзор во спортот под број ИП.1.бр. 14-1147/3 од 27.06.2026 година

Димитар Терзиев, 0001
[потпис, име и презиме и број на службена
легитимација на инспекторот]

М.П.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR